# FOREVER

MACEDONIA

Мај 2014 | Број 151









# ШАМПОН ЗА ВОЛУМЕН
## со Алое Вера и матичен млеч

Кога на вашата коса ѝ е потребен волумен и освежување, Соња шампонот за волумен е вистинското решение. Нашата ексклузивна формула ѝ дава на вашата коса волумен и сјај, и тоа само поради вистински избалансираните состојки.

Двете клучни состојки, Алое Вера и матичниот млеч прават косата да изгледа бујна и погуста. Соња шампонот за волумен придонесува за здрава, сјајна коса и е безбеден да се користи за бојадисана и третирана коса.

Алое вера помага во хидратација и балансирање на pH вредноста на скалпот. Матичниот млеч ѝ дава влажност на косата и го одржува скалпот да не се исуши за да не дојде до појава на првут.

Други дополнителни состојки кои ги содржи Соња шампонот за волумен:

- **PEG-10 сончогледови глицериди** -овој дериват на сончогледово масло прави косата да биде сјајна и создава пена за темелно чистење.
- **Хидролизиран протеин од пченица** - ја апсорбира и задржува влагата, ја гради структурата на косата, го подобрува одржувањето и сјајот и ја омекнува хемиски третираната коса.

Со сите овие прекрасни состојки додадени во оваа формула не остава никаков простор за двоумење во користењето на овој шампон. Соња шампонот ја одржува хигиената на вашата коса без никакви додатоци од парабени, пропилен гликол, или SLS и SLES.

### КОНДИЦИОНЕР ЗА ВОЛУМЕН збогатен со Алое Вера и матичен млеч

Соња кондиционерот за волумен е одлично надополнување на Соња шампонот за волумен. Нашата ексклузивна формула го зголемува обемот, густината и ја прави мека, лесна за обликување и сјајна.

Алое Вера и матичен млеч се додадени за да се храни и балансира pH вредноста на скалпот, и за да помогнат во регенерирањето на оштетената коса. Ќе бидете воодушевени од природниот, здрав изглед, како и од густината на вашата коса и пријатниот мирис.

Други состојки во кондиционерот се:

- **Пантенол**-овој дериват од витаминот B5 го хидратира скалпот, го намалува цветањето на косата и ѝ дава сјај.
- **Macadamia Integrifolia** масло од семето - дава дополнителен сјај
- **Simmondsia chinensis (jojoбa)** масло од семето ја прави косата отпорна на заплеткување, сушење и пукање на врвовите.



# НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Smile

Секој прави грешки – тоа е неизбежно. Колку и да планираме, колку пати и да пробуваме, работите ретко се случуваат како што очекуваме. Сите сте слушнале за изразот кој доаѓа од поемата на Роберт Барнс за глушецот : „И најдобрите планови на глувците и луѓето често излегуваат наопаку"

За некого можеме да разбереме повеќе од тоа како плива во бурно море, отколку во мирни води. Во војската тоа е опишано со фразата „елеганција под притисок" и во некои случаи е дел од критериумите за унапредување. Запрашајте се како се однесувате кога работите ќе тргнат наопаку? Она што ги прави поразлични големите луѓе од останатите, е нивната способност да ги согледаат и признаат грешките, да ги поправат истите и да продолжат напред.

Премногу се фокусираме на проблемите и причините за нив. Не бараме решение, туку само обвинуваме некого или нешто. Така само се оддалечувате од излезот на вашата тешка ситуација. Големите лидери пронаоѓаат начини како да продолжат понатаму, учат од своите грешки и се трудат да не ги повторуваат истите.

Има една едноставна, но многу потресна и мудра книга од Марк Рашид, наречена „Животна лекција на еден коњ од ранчот". Во неа писателот ги споделува лекциите кои тој ги научил од неговата интеракција со коњот "Бак".

Во поглавјето шест, тој се сеќава "За Бак, секој камен на сопнување е само камен на сопнување. Тој секогаш се однесува како да вели: "Дај да го поправиме и да продолжиме понатаму. Нема потреба да се вознемируваме, да го вовлекуваме своето его или да сме незадоволни." Прекрасен совет.

Бидете сигурни дека во изминатите 36 години во Форевер многу нешта не се одвиваа според планот, сепак токму тоа беа моментите во кои сите ние израснавме и најмногу научивме.

Нема потреба да ви ги набројувам многубројните случаи во кои работите не се одвиваат според планираното во вашиот Форевер бизнис. Но ви предлагам да го прифатите советот на Бак и да го побарате најбрзиот и најефикасен начин „да поправите и продолжите понатаму". Вие ќе се чувствувате подобро, вашиот бизнис побрзо ќе расте и луѓето околу вас повеќе ќе ви веруваат.

Со нетрпение очекувам многумина од вас во Лондон и, и се разбира да научиме нешто ново !

Засекогаш ваш ,

**Rex Maughan**



**Претседател и главен генерален директор на ФЛП**



# Ќе полетате ли како ОРЛИ?

Драги пријатели,

Кога ги прашуваме дистрибутерите на Форевер кои сега го започнуваат бизнисот со нашата компанија, која е нивната основна цел по патот кон успехот, мнозина даваат еден ист одговор: „Целта ми е да постигнам ниво Менаџер во маркетинг планот". И тоа е наполно јасно, бидејќи сите нови дистрибутери се стремат кон позиција на која ќе имаат високи и стабилни доходи со чија помош ќе си ги исполнат мечтите. Не само тие, туку и многу поискусни од нив дистрибутери автоматски го поврзуваат нивото Менаџер со високи доходи. И вие ли мислите така? Ако одговорот ви е позитивен, би сакале да појасниме некои работи за да ви помогнат да ја разберете смислата на нашиот бизнис, како и да си поставите цели чие постигнување ќе ви обезбеди навистина доходовен бизнис. Што имаме предвид?

Мнозина од вас потсвесно, а понекогаш и свесно ги поврзуваат нивоата во Маркетинг планот на Форевер со одредени доходи. И за сите позицијата Менаџер е првата која носи високи доходи или, поточно кажано, доходи повисоки од популарниот поим за добро месечно наградување. Со други зборови, мнозина веруваат дека МЕНАЏЕР автоматски означува ПАРИ. Но дали е така во пракса? Тука можеби ќе ве изненадиме ако кажеме дека тоа НЕ Е така. Познаваме многу Менаџери кои во никој случај не можат да се пофалат со високи и уште помалку стабилни доходи! Зошто? Бидејќи во маркетинг планот на Форевер бонусите не се пресметуваат на база на вашето ниво,туку врз основа на реално реализираниот промет од вас и вашата мрежа. Се разбира дека колку е повисоко вашето ниво, толку се повисоки процентите на вашите бонуси, а тоа дава подобри можности. Но ако мрежата не генерира постојано доволно голем промет од потрошувачка, продажби на производи и спонзорирање на нови дистрибутери, тогаш и вашиот бонус нема да одговара на вашите очекувања, без оглед на вашето ниво во маркетинг планот.

За ваша и наша среќа, пред неколку години Форевер Ливинг Продактс воведе нов статус на дистрибутерите кои постигнале ниво Менаџер и повисоко. Годишната квалификација за него значи и гарантира високи доходи. За што зборуваме? За програмата **Менаџер ОРЕЛ**. Титулата ја носат сите кои по издигнување на ниво Менаџер не запираат да работат и да го градат својот бизнис. Тие не мислат дека го направиле потребното за да ги исполнат своите мечти,туку продолжуваат да ги користат безграничните можности на маркетинг планот на компанијата. Не престануваат да спонзорираат нови луѓе во своите мрежи и да им помагаат да постигнат ниво Супервизор и да продолжуваат нагоре. „Орлите" сè така продолжуваат да го одржуваат вкупниот групен промет над 60 б. секој месец.

И повторно да обрнеме внимание дека мрежниот маркетинг не е систем за брзо и стихијно збогатување. Тој е ДОСТАПНА можност за секого за градење на бизнис кој носи неограничени доходи. Условот е само да не престанете да правите едни исти едноставни активности, независно од постигнатото ниво. А тие се: секојдневно да ги употребувате, препорачувате и продавате производите; непрекинато да ги претставувате можностите на нови луѓе и да ги спонзорирате; да работите со луѓето кои пројавуваат интерес кон бизнисот, за тие да израснуваат. Тоа е!

Нема полесен начин максимално да имате корист од дарежливиот потенцијал на маркетинг планот на ФЛП од постигнувањето на статусот Менаџер „Орел"! А на сите вас кои ја поврзувате титулата МЕНАЏЕР „ОРЕЛ" со ПАРИ, веднаш ви кажуваме: „Да, така е!" И не заборавајте дека **новиот квалификационен период за програмата започнува на 1 мај!**

Ги поздравуваме Антонија и Димитар Димитрови, Златинка и Галин Радеви, Златка и Златко Горанови, Иглика и Милко Величкови, кои на крајот на април ги исполнија условите за Менаџер „Орел"! Се гордееме со вас! Вашето заслужено патување до езерото Тахо во САД нека ви биде незаборавно и биде само почеток по вашиот пат кон вистинскиот успех со Форевер!

А ако не сте меѓу квалификантите, не заборавајте дека единствено од вас зависи дали следните 12 месеца ќе го променат вашиот живот. Само вие одлучувате дали ќе се претворите во посебни луѓе, или ќе останете просечни!

МЕНАЏЕР ОРЕЛ = стабилни, високи доходи и исполнети мечти со Форевер!

Засекогаш Ваши и...
насмеани ☺ ,
**Стефан и Тања Стаеви**





# Грижете се за бизнисот

# Сакајте го вашиот бизнис

*Gregg Maughan, Претседател на ФЛП*

Форевер Ливинг Продактс ги поседува најголемите плантажи со Алое Вера во светот, кои се протегаат во три држави. Ние произведуваме производи од алое со нај-добар квалитет кои се користат за здравје, лична нега и убавина. Ние исто така го создадовме и развивме најдарежливиот компензационен план во историјата на мрежниот маркетинг. Но, јас лично сум многу горд што Форевер им нуди на поединци и семејства пат кон остварување на нивните финансиски цели, пат кон животот за кој сонуваат.

Во ФЛП постигнуваме успех кога и нашите дистрибутери успеваат. Ова важи како за најуспешните членови на Глобалниот лидерски тим, така и за најновите, штотуку регистрирани дистрибутери. Сè што правиме во централната канцеларија, е насочено кон обезбедување на алатки за успех на секој еден од нашите дистрибутери. Ние сепак не можеме да ви обезбедиме едно нешто што е и најважно за градењето на успешен и одржлив бизнис со Форевер – страстна грижа за другите .

Нашиот бизнис се гради врз лични односи, одржување на стари пријателства и создавање на нови. Рекс често вели “Моќта на Форевер е моќта на љубовта”. А почитуваниот писател Роберт Хајнлајн ја дополнува оваа мисла на татко ми со: “Љубовта е состојбата во која твојата среќа зависи од среќата на другиот.” Форевер е логичен финансиски предлог за овој цитат. Прекрасно е да можеш да заработуваш и да бидеш успешен со тоа што им помагаш на другите да станат успешни.

Секогаш одржувајте врска со вашите лични и онлајн пријатели и блиски преку остварување на средби, кратки телефонски разговори, СМС-пораки, изразувајќи внимание и загриженост или пак со тоа што ќе објавите на нивните ѕидови на Фејсбук убави мисли, видео спот или некој омилен цитат. Помагајте им на оние со кои сте ги споделиле можностите кои ги нуди Форевер да уживаат во прекрасните производи. Редовно информирајте ги за новите производи, за специјалните промоции или иницијативи. Раскажувајте им на сите ваши познати колку подобро изгледате и се чувствувате, откако ги користите исклучителните производи на Форевер. Грижете се за физичката и финансиската благосостојба на другите исто како што се грижите за себе, а Маркетинг планот на Форевер ќе се погрижи за ВАС.

**“Убав начин да се заработи е кога сте во можност да успеете помагајќи им на другите да успеат”.**






# Спокојни во сезоната на алергиите со Форевер Ливинг Продактс

Нормалните функции на имуниот систем имаат за цел да нѐ заштитуваат од надворешните влијанија. Понекогаш клетките на имуниот систем реагираат агресивно на безопасните работи и тогаш страдаме од сезонски или друг вид алергии. Тие се појавуваат како последица на дејствувањето на специфични имуни клетки, кои испуштаат различни соединенија како хистамин и предизвикуваат поленска треска, чешање, црвени, подуени и насолзени очи, течење на носот и други кожни иритации. За жал во денешно време често не се храниме правилно и не ги внесуваме препорачаните дневни дози витамини, минерали и антиоксиданси, кои на телото му се потребни за да функционира оптимално. Ублажувањето на алергиите може да биде прилично едноставно, доколку го одржуваме здравјето со точен баланс на хранливи материи.

## Forever daily




(код: 439) ви нуди 55 хранливи материи меѓу кои витамините C, Д и Е и минералот селен. Со помошта на овој суплемент може да го оптимизирате вашиот внес на хранливи материи, со цел вашето тело да има енергија за полесно да се справи со промената на сезоните.

## Absorbent C




(код: 048) обезбедува уникатен систем за доставување на витаминот Ц во матрица од овесни трици за подобра апсорпција. Витаминот Ц е еден од најпознатите нутриенти за одржување на имунитетот, исто и моќен антиоксидант кој ги поткрепува клетките на кожата и респираторниот систем. Искомбиниран со цитрусови биофлавоноиди, кои исто така ја штитат клеточната мембрана, **Absorbent C** е вистинско решение кога не внесуваме доволно овошје и зеленчук со исхраната.

## Forever Arctic Sea




(код: 376) е балансирана комбинација од масни киселини омега-3 од риби и лигњи кои живеат во студените мориња. Тие помагаат за одржување на нормална функција на мозокот, кардиоваскуларниот систем и видот. Правилниот баланс на омега-3 киселините може да допринесе во одржување на добрата состојба на клеточните мембрани и имуниот систем. Незаменливите масни киселини имаат потенцијал да ги поддржуваат ткивата на респираторниот систем, очите и кожата, особено во периодот кога алергиите оставаат видливи траги.




**Пијалоците од алое вера** ги споменуваме на крај, но всушност тие се од првостепена важност. Алоето е почитувано растение со векови како имуномодулатор или со други зборови, како средство за воспоставување на балансот во имуниот систем. Освен тоа, алоето благотворно влијае и врз системот за варење бидејќи значително ја подобрува апсорпцијата на хранливи материи, доставени од останатите веќе опишани производи. Благодарение на неговото дејство тие стигнуваат до клетките, ткивата и органите кои имаат потреба од нив. Изберете го вашиот омилен пијалок од Алое Вера на ФЛП и поддржете го вашето здравје оваа пролет.

*Презентираните производи содржат витамини и минерали кои придонесуваат во одржувањето на целокупното здравје,а помагаат и за компензирање на дефицитот од хранливи материи во организмот. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицински цели на кој и да било од споменатите производи.*

## Алое ден во Кичево 28.03.2014







## Алое ден во Охрид 29.03.2014








## Алое ден во Гевгелија 04.04.2014








## Алое ден во Богданци 05.04.2014







## Алое ден во Тетово 23.04.2014













## Алое ден во Гостивар 24.04.2014











Конзумирајте ја дневната доза од нашите четири алое вера основни пијалоци за да му помогнете на вашиот дигестивен систем за подобро варење и подобра апсорпција на хранливите материи,




# Алое Вера пијалоци




да обезбедите витамини, минерали и амино киселини кои му се потребни на вашиот организам, но пред сè да одржувате еден здрав начин на живеење.











**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.


## Квалификации за април 2014

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Доне Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Валентина Крмова
6. Др.Марија Паспаловска
7. Катерина Трајчевска
8. Др.Снежана Контра
9. Др.Елизабета Стевковска Цветковска
10. Љубица Станчева

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Др.Роза Гелевска
2. Др. Снежана Контра
3. Славица Донакова
4. Слафко Михајловски
5. Блага Крстеска
6. Катерина Трајчевска
7. Доне Ѓорѓиев
8. Вера Златковска
9. Валентина Крмова
10. Др.Марија Паспаловска


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за април 2014

### Супервизор

1. **Станчева Љубица** - Богданци
2. **Анастасовска Биљана и Петрушевиќ Зоран** – Куманово
3. **Картелови Александра и Ѓорѓи** – Богданци
4. **Костадиновска Гордица** – Куманово

### Асистент Супервизор

1. Аврамовски Благој – Кичево
2. Барзови Ленче и Костадин – Штип
3. Блерим Јахја-Нилуфер,Турција
4. Богданова Костадинова Александра и Костадинов Васко – Виница
5. Богдановски Лидија и Мендо – Битола
6. Васовиќ Цвета и Драгиша - Битола
7. Здравева Ленче – Штип
8. Златаноски Лидија и Горан – Охрид
9. Илиќ Наташа и Александар-Лесковац, Србија
10. Јахја Беќир и Неслихан – Гостивар
11. Јанева Надица – Кочани
12. Јованоска Јелица – Гостивар
13. Јовановиќ Слаѓана и Небојша – Скопје
14. Кастратовиќ Сузана и Драган – Звечан, Косово
15. Костоска Светлана – Охрид
16. Крмов Владимир – Штип
17. Крстевска Вера – Битола
18. Кузева Пили Калиопи – Битола
19. Лазарова Маријана – Виница
20. Манасиќ Ирена и Дејан- Штип
21. Младеновска Кристина – Куманово
22. Наќова Јаневска Маја и Наќов Блажо – Неготино
23. Нанчева Благица – Богданци
24. Наумовска Марија – Битола
25. Неделковска Тиана – Скопје
26. Николовски Стефан – Штип
27. Петковски Славица и Зоран – Скопје
28. Петреска Емилија – Скопје
29. Петровски Фросина и Ивица – Куманово
30. Самарџиоска Биљана – Скопје
31. Симови Оливера и Душко – Делчево
32. Стојаноски Благородна и Цветан – Скопје
33. Стојановска Габриела – Скопје
34. Тодоровска Силвана – Охрид
35. Трајковска Сташа – Куманово
36. Тричковска Наталија – Делчево
37. Тутенкоски Зујца и Павле – Струмица
38. Цветковски Виолета и Драго – Делчево
39. Хаџи Василева Славица - Радовиш

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**